# Реч по случай празника на 318 никейски отци

Григор Ст. Пърличев

1867 г., Охрид

*Реч на Григор Пърличев по случай празника на 318 никейски отци. Публикувана в цариградския в. Македония, бр. 34 от 22 юли 1867 г.*

*Словото е отекстувано от „Григор Пърличев. Избрани произведения“, 1980 г., София, където е поместено с опростен правопис.*

Братие! Денеска йе светениот ден, що го славиме паметот от триста и осумнайсет свети оци, защо тие испраия верата наша, тие наредия толку правила и закони, тие йе устроия църквата Христова, тие наредия свето прилегание църковно. Тие йе припозная Патрикханата охридска, що ни йе урная после гърски патрици. Тие соединия християните и се сториа едно стадо, како беа разделени на многу тарафи по-напред. Затоа и ние на името нихно денеска се собрахме на едно стадо вес град, за да й славиме и да й величиме за мъките, що претарпиле, за да ся утвардит верата наша, и да им се молиме да ни дадат добар дух да се докажиме вистински християни, та сетне да се загарниме еден с другего с братска любов и да дайме сполай на Господа, оти фърли едно око милостиво на Охрит, за да я исправит пак Патриканата охритска, що йе загубихме сега сто години с недугавчината наша и с тарафите наши. Сега, братие, требит да се промениме како на Великден, и да се избавиме, и да остайме свите карези настарна. Сега, братие, ако кажиме любов и соединение, мутлак Патриканата наша [ке] воскресне, и ер колку да си имаме мегю нас гарези, но кога да дойдит рет за опщо добро, како денеска, свите да бидиме еден труп и едно сърце. Затоа Иисус Христос нарачвит и велит: "Къде са двайца и тройца соединени на името мое, тамо и яс со ними сум, и се нахожвам встред от собранието нихнино". И пак на друго место велит: "Се заповѣдаю вамъ да любите другъ друга"– сиреч све све, но най-първо ви нарачвам да се любите мегю себе.

Да дайме сполай на Господа! Царот наш сакат да му се свите раи благодарени и рахатни. Ката сахат портата негоа йе отворена, свеки човек йе свободен да се поплачит на цара како на татко. Царот не живит за себе, туку за народот, како велит и Христос: "Барайте и ке найте; клиткайте да ви отворам та свите раи, търнеем кай него, си кажвет халот и си го земат акот. Само ние не сме излегле пред лицето негово; ката ден ядиме трешници и пак малчиме! Ех, како мислиме ние: праведнината со зимбил ке слезит от небеси за нас? Не! Требит да дързнуваме да бараме, защо царот ни йе татко. Царот реши со здрав ниет да оделит църквата българска от гърската. Патрикот сакат да оделит 19 епархии за България и патрикот български да бидит во Филибе. А тие епархии, що се от Солун вамо, не сакат да й оделит, защо ни борайт нас оти сме гърци. Но българите си й сакает свите епархии и Патриканата йе сакает да им бидит в Охрит. Та пулите, ние не сакаме: братята наши сакает за нас. Ние не харжиме: братията наши арджеет за нас. Ние спияме, а братията наши седнале край нас и го паает лицето наше, за да търгаме сон рахатен — како некоя майка, що сакат да си го успиет рулчето, седвит край него и го пахат, и муйте му й терат. Толку го честет Охрида града и го любет, и дейна и ношча за него болеет и за него зборвет. Само ние кайметот не му го знайме. И в Битоля зготвия арзохал и 17 еснафи се подпишая и сакает Патриканата

Ахридска, и овая работа ке земит конец сега бъргу — прет да одит царот в Париж. Затоа, ако спияме ние и малчиме, ке останиме бели в очите; ако имаме любов на отечеството, еден сахат по-бъргу да зготвиме арзоал да си я сакаме Патриканата, що сме йе имале пойке от хиляда години. Но како падна и протона Патриканата наша? Сега токмо сто години, кога беше йеничерлокот, тога в Охрит беше еден паша ябанджня, безинсафлия, мъчач, що го стресе свиот Охрит: свите йе тратия чаршията и се затвория по куките, вакви зулуми чунки не се търпеа. Ойдоа в Цариград неколцина охриянци да чинеет давия на пашата: Стамче бей, еден от Лигда, и еден други. Овие тройца, како се въртеа околу портата царска, за да ся сторит давията, й наождат патрикот гърски Самуил и опитвит: "Що сакате?"И тие, како люди добри и со чисто сърце, му исказаа нему како на патрик, како на татко, и му се исповедоа за свите алои, що претъргале. И патрикот им рече: "Немайте гайле, яс ке ви избавам от таков еден паша зулумкяр."И така й застоя на дворот царски под кьошкот, и рече им: "Стойте тука, яз ке ходам прет цара, ке ие сторам давнята; и ако ви опитат, вие да се отговорите: 'Аман, естимеиз; аман, не го сакаме', и друго нищо да не се отговорите, зере ке падните от судот". И тие, имаещем чисто сърце, му дадоа вера, и патрикот се качи къде царот и йе стори давнята не на пашата охридски, туку на патрикот охридски, оти бил безинсафлия и зулумкяр. Сетне поел я цар да йе опитат охриянците; и три пъти се опитаа, и како що им нарача гърскиот патрик, така и отговориа: "Аман, не го сакаме!"На тие сиромаси им се чинеше, оти давията се стори па пашата, а не зная, оти се стори на патриар. охридски. Сетне дойдоа в Охрит салаори царски и го зедоа со себе патрикот наш покойний, що беше от фамилията Балазовска, и заедно с него и мнука му Георгия Балаза, й отнесоа в Цариград и вчас како й извадее па мостот от лиманот, й обоколисаа кавази патрички, й иструргаа от мостот в една гемия кумурджиска, й сюрдисаа в Света гора на Зогравскиот монастир, и тамо двайцата умреа.

Но, како го тургаа кавазите патрикот охритски в гемията, камилавката му падна; той си я зеде, исячи от сърце, и кон небо извиши ръцете и очите, и го прокална Стамче бега и Лигда. И ден денеска пулите, оти трага не остана от оджакот нихнин, а куките нихни останаа прах и пепел. Ама ке ми речите, що кабает немаа овие сиромаси. Хай хай, сториа голем кабает. Защо Господ им даде ръце н ноге, а тие сакаа други да им (се) пулит работата; Господ им даде очи, а тие си затвория очите, защо еден душман им рече: "Мижите да ве мамам"; Господ им даде ум и разум, а тие се донесоа како гоеда неразумни. Та така столнината охридска падна и протона цели сто години. Иляким ево денеска пак дойде саат да си го зейме назад тоа, що не и требало. Да ни е жив царот, що й слушат плакойте от раята своя; Господ да му я ячит царщината до века и свите душмани негои да му й наведит пот столнината негоа, и от дните наши нему да му поклонит. Амин!